МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОН

SENTRO MEMORIAL
DEL HOLOKAUSTO
DE LOS DJUDIOS DE LA MAKEDONIA

HOLOCAUST
MEMORIAL CENTER
OF THE JEWS FROM MACEDON

**Забегана работа: во процес на технички период на Владата, одредени поединци - Раководни лица на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија сакаат да се поставаат во иднина над Владата и сами да си донесуваат одлуки за членови на Управен одбор.**

Според документите, кои ни беа доставени на увид, јасно се забележува тенденцијата дека со Еврејските пари, некој е заинтересиран да основа трговски друштва, да има потполна контрола, без никаква ревизија и да донесува самостојни одлуки.

Документите укажуваат и на основање на внатрешна комисија, која ќе ги проценува способностите на членовите на Управниот одбор, кои во иднина ќе бидат предложени од новата Влада. А особено е загрижувачки членот во новиот Предлог Статут со кој, сегашните членови на УО сами си го продолжуваат мандатот во рок од 4 години, додека за главниот извршен директор не е ставен член за мандат, а истотака неговите ингеренции се зголемени.

Особено е истакнато дека поранешни вработени од Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, не смеат да бидат членови на Управниот одбор, со што се докажува и диксриминација, па оттука и доаѓа јасно зошто клучниот дел од вработените ги напуштија своите работни места пред неколку месеци.

Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија е основан од Владата на Р. Македонија и Владата конечно треба да размисли за ревизија на финансиите за постојаната поставка, која беше отворена во март, минатата година.

**FONDACIJA: FOND NA HOLOKAUSTOT NA EVREITE OD MAKEDONIJA**
**FOUNDATION: HOLOCAUST FUND OF THE JEWS FROM MACEDONIA**
Samoilova 2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel/fax.: (389-2) 3298-025; 3232-310
E-mail: info@holocaustfund.org.mk

ФОНД НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
Бр. 14-6/1 седница
20.01 2020 год.
СКОПЈЕ

**До:** Влада на Република Северна Македонија Скопје
Секретаријат за законодавство
ул.Илинденска бр. 2 Скопје

**Од:** Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија
ул. Самоилова бр.2 Скопје

**Предмет:** Прелог одлука за давање согласност на нов Статут на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија

**Врска:** 45-10292/1 од 18.12.2019

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 21.01.2020. | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| 44 | 574/1 | | |

Почитувани,

Поради усогласување на Статутот на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ бр.52/2010, бр.135/2011 и бр.55/16), Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, на седницата одржана на 11.11.2019 година, донесе и усвои нов Статут бр.02-43/2.

Постапувајќи по Мислењето бр.09-133/1 од 08.01.2020 година на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, го повлекуваме доставениот материјал за нов Статут и доставуваме Предлог одлука за давање согласност на нов Статут.

Согласно член 2 од Одлуката за основање на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија бр.23-2112/1 од 23.04.2012 година, Фондот е основан како правно лице со седиште во Скопје и со сопствен статут одобрен од Владата.

Согласно член 63-в став 3 од Законот за денационализација, Владата на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија.

По добивањето на согласност на новиот Статут односно со стапувањето на сила на новиот Статут, ќе престане да важи Статутот бр.19-5819/1 од 22.12.2009 година.

Прилог:
- Одлука за донесување и усвојување на нов Статут на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија бр.02-43/2
- (нов) Статут на Фондот на Холокасутот на Евреите од Македонија
- Предлог одлука за давање согласност на нов Статут на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија

Скопје 20.01.2020 година

**ЗА ФХЕМ**
Главен извршен директор
Горан Садикаријо

Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија • СКОПЈЕ • 1

...ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
...2-43/2
...11.11 2019 год.
СКОПЈЕ

...з основа на член 4, 30 и 32 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и бр.55/16) Управниот одбор на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за донесување на нов Статут на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија**

**Член 1**

Се донесува нов Статут на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија бр.02-43/2 од 11.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. _________

___________

Скопје

Претседател на Управен одбор
Благоја Младеновски

...КАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
Бр 02 - 43/2
11. 11. 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Во согласност со Одлуката за нов Статут на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија бр.02-40/2 донесена на 28.10.2019 година и во согласност со одредбите на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, бр. 135/2011 и бр. 55/2016), како и врз основа на член 35 од Статутот на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, на ден 11.11.2019 година, од страна на Управниот одбор на Фондот, се донесува и усвојува нов Статут кој гласи:

Врз основа на членовите 4, 30, 32 од Законот за здруженија и фондации (“Службен весник на Република Македонија бр.52/2010, бр. 135/2011 и бр. 55/2016), Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, го донесе следниот:

# СТАТУТ
# НА ФОНДОТ НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат:

1. Основањето на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија (во натамошниот текст Фондот); правната положба, називот, скратениот назив и седиштето; знакот и симболот и печатот и штембилот.
2. Јавноста на работата на Фондот.
3. Целите на Фондот и начинот на кој се остваруваат целите на Фондот.
4. Настапувањето и одговорноста на Фондот, внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување и работните односи на вработените во Фондот.
5. Внатрешните организациони форми на Фондот.
6. Законското застапување и начинот на управување и раководење со Фондот.
7. Начин на стекнување и располагање со средствата.
8. Начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи.
9. Начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата.
10. Начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот.
11. Начинот на одлучување за статусни измени и престанок на фондацијата.
12. Постапувањето со средствата на Фондот во случај на престанок на Фондот.
13. Начинот на донесување на планови и програми.
14. Начинот на донесување на другите акти.
15. Други прашања од значење за работата на Фондот.
16. Завршни одредби.

## II. ОСНОВАЊЕ НА ФОНДОТ

**Член 2**

Фондот е фондација основана на ден 23.04.2002 година со Одлука на Владата на Република Македонија број 23-2112/1 од 23.04.2002 година, а врз основа на Законот за денационализација на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 20/98, 31/00 и пречистен текст, 43/00).

**Член 3**

Основач на Фондот е Република Северна Македонија.
Фондот се основа на неопределено време.
Фондот е јавна организација.
Фондот има својство на правно лице.

## III. ОСНОВАЧКИ ВЛОГ И СРЕДСТВА НА ФОНДОТ

**Член 4**

За остварување на целите и задачите, Фондот располага со основна главнина и основни средства. Основачкиот влог и средствата на Фондот се состојат од парични и материјални средства, недвижен имот, хартии од вредност и слично.

**Член 5**

Основачкиот влог на Фондот се имотите на Евреите од денешна Република Северна Македонија, кои своите имоти ги напуштиле со присилна депортација во фашистичките логори, а не го преживеале холокаустот и немаат наследници, а вратени во постапка на наменска денационализација.

**Член 6**

Средствата на фондот се и паричен износ стекнати врз основа на обврзници исплатени врз основа на Спогодбата за порамнување од 28.12.2007 година склучена помеѓу Комисијата за одлучување по барањата за денационализација, Еврејската заедница во Република Македонија, Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија и Државното правобранителство на РМ.

**Член 7**

Средствата на фондот ќе се користат за остварување и реализирање на целите на Фондот.

**Член 8**

Корисниците на средства на Фондот се утврдени со целите и задачите на истиот.

**Член 9**

Донаторите кои вложуваат средства или имот по основањето на Фондот, немаат својство на основачи.

**Член 10**

Фондот е основан за да се остварат програмските цели и задачи, врз основа на овој Статут, а согласно Уставот, Законот и Одлуката за основање.

Фондот е независна, неполитичка, непартиска, невладина и доброволна организација која ќе работи и дејствува независно, јавно и транспарентно, непрофитно, непартиски, неполитички, слободно ќе ги промовира своите ставови и мислења и ќе поведува иницијативи во својата област на дејствување.

## IV. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 11**

Називот на Фондот е: Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија.

Скратениот назив на Фондот е: ФХЕМ.

Во меѓународната кореспонденција Фондот ќе го користи називот на англиски јазик, со следниот текст: Holocaust Fund of the Jews from Republic of Macedonia.

**Член 12**

Седиштето на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија е во Скопје, на ул.Самоилова бр.2 - 1000 Скопје.

Заштитниот знак на Фондот е контура на Република Северна Македонија, со централно поставена менора.

**Член 13**

Фондот има свој печат и штембил.

Печатот е во кружна форма. По маргините е напишано Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, а во средината е заштитниот знак на Фондот.

Штембилот е во правоаголна форма. Најгоре е напишано Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, подолу е оставено место за архивски број и датум, а најдолу е напишано Скопје.

...атот и штембилот ги чува и употребува овластено вработено лице во Фондот, задолжено за ...одење архива, определено со решение на Главниот извршен директор на Фондот.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 14**

Работата на Фондот е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со подготовка на редовни извештаи за неговото работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Фондот, периодични и годишни пресметки за работењето и друго.
Фондот ја информира јавноста за својата работа преку средствата за јавно информирање.
Информирањето на јавноста се врши и преку интернет страницата на Фондот.

## VI. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФОНДОТ И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ

**Член 15**

**Основна цел и задача на Фондот е:**

– Зачувување на сеќавањето на македонските Евреи кои се депортирани за време на II Светска војна (1939-1945 година) и извршениот холокауст во логорите на смртта преку постојаната музејската поставка поставена во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија (во натамошниот текст Меморијален центар) со цел подигнување на свеста кај граѓаните, а посебно кај младата популација за извршениот геноцид од страна на припадниците на националниот социјализам, нивните соработници и другите фашистички режими;
– Одржување, управување со Меморијалниот центар, како и раководење со неговата работа и активности.
– Спроведува едукација за холокаустот и од областа на човековите права, како и борба против секаков вид дискриминација (расна, верска и етничка), антисемитизам, ксенофобија, говор на омраза и друго.
– Промоција и превенција на човековите права, како и борба против секаков вид дискриминација (расна, верска и етничка), антисемитизам, ксенофобија, говор на омраза, под мотото “Да не се повтори„

**Член 16**

**Други цели и задачи на Фондот се:**

– Негување на Еврејската култура и традиција и проучување на животот и работата на Евреите на просторот на Република Северна Македонија и пошироко, со организирање на предавања, едукативни семинари, работилници и други активности од оваа област;
– Заштита и ревитализација на Еврејските споменици;
– Собирање на историски материјали и податоци за Евреите на овие простори;
– Понатамошно унапредување на односите помеѓу сите граѓани на Република Северна Македонија со еврејскиот народ во светот, како пример за почит, соживот и хармонија на народите и спречување на деструктивни појави, како што се расизмот, антисемитизмот, шовинизмот и други девијантни појави во општеството.

**Член 17**

**Основна дејност на Фондот е:**

– Систематско истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, конзервирање, чување, објавување, презентирање музејски и археолошки материјали, историски, уметнички и технички предмети и документи од значење за заштитата на еврејското наследство на Евреите кои преку присилна депортација во нацистичките логори ги напуштиле своите имоти на територијата на денешна Република Северна Македонија, податоци за имотите на Евреите кои не го преживеале холокаустот и немаат свои наследници;

преку предавања, семинари, курсеви, работилници и веб страна го унапредува знаењето и грижата на граѓаните и пошироката јавност за значењето, вредноста и заштитата на еврејското културно наследство;

– учество во публикации и научни трудови на тема меѓунационална, верска почит и соживот;

– организирање библиотека и постојано збогатување на библиотечниот фонд со стручни и научни изданија од областа на дејностите со кои се занимава и издавање стручни и научни публикации, каталози, водичи и друг едукативен и пропаганден материјал во печатен и електронски медиум;

– организирање стручни и научни собири, а во соработка со сродни установи и здруженија од областа на културата, образованието и науката;

– развивање на форми на ангажирање и учество на Евреите во Северна Македонија во севкупниот општествен живот;

– одржување на спомենот на Еврејскиот холокауст, со цел во иднина да се спречат слични геноциди и страдања;

– одржување на сеќавањето на македонските граѓани од еврејска припадност, нивната традиција и нивниот придонес во сите сегменти на заедничкото живеење;

– меѓународна соработка по сите горенаведени основи со посебен фокус на меѓуетничката и меѓунационалната почит, соработка, разбирање и соживот;

– своите дејности Фондот ги извршува на целата територија на Република Северна Македонија врз основа на овој Статут, а согласно Уставот и Законите и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

За реализација на основните дејности наведени во овој член Фондот ќе основа посебен правен субјект чија основна дејност ќе бидат музејски активности.

**Член 18**
**Други дејности на Фондот се:**

– Музејски активности;

– Издаваштво и продажба на книги, сувенири, копии на заштитени предмети, ракотворби и слично;

– Издавање и давање под закуп на сопствен недвижен имот;

– Организирање и поставување повремени изложби и слично во соработка или за потребите на други правни и физички лица;

– Организирање и одржување филмски, театарски, музички и други приредби;

– Изработување и продавање реплики, копии и репродукции на добрата од своите збирки и други музејски материјали и дела, издавање, печатење и умножување проспекти, плакати, разгледници, дијапозитиви, фотографии и други носачи на информации со пропагандно промотивна намена и во деловни цели;

– Планирање и овозможување практична работа на студенти, ученици и волонтери;

– Отстапување права за објавување, прикажување и репродукција на документацијата изготвена за добрата од своите збирки и давање согласност за репродуцирање и користењето на музејскиот материјал како јавно добро во деловни, воспитно образовни и промотивни цели;

– Планирање и презентирање сопствена документарна филмска продукција;

– Услуги за паркинг; и

– Врши и други работи кои произлегуваат од позитивните прописи и општите акти на Фондот.

## VII. НАСТАПУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ НА ФОНДОТ ВО ПРАВНИОТ ПРОМЕТ

**Член 19**

Фондот има својство на правно лице.
Фондот во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

## VIII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДОТ

**Член 20**

Внатрешната организација на Фондот се уредува и се воспоставува во согласност со потребите на работењето и развитокот на Фондот.
Внатрешната организација на Фондот се утврдува по предлог на Главниот извршен директор, од страна на Управниот одбор на Фондот.
Заради поефикасно остварување на целите и задачите на Фондот, Управниот одбор има право да организира подружници, да основа посебни правни субјекти чија основна задача ќе биде поефикасно остварување на дејностите определени со овој Статут, и позитивните законски прописи.
Поблиските одредби за основање и делокругот на работа на посебните правни субјекти или подружници се утврдуваат со Одлуката на Управниот одборот при нивното основање.

## IX. ЗАКОНСКО ЗАСТАПУВАЊЕ, НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФОНДОТ

## X. Органи на Фондот

**Член 21**

Органи на Фондот се Управниот одбор и Главен извршен директор.

**Член 22**

Орган на управување во Фондот е Управниот одбор со кој раководи Претседател на Управниот одбор.

**Член 23**

Орган на раководење во Фондот е Главен извршен директор.

### Управен одбор

**Член 24**

Членовите на Управниот одбор се избираат од страна на Владата на Република Северна Македонија и Еврејската заедница во Република Македонија, и тоа во еднаков број членови.
Одборот е составен од 6 (шест) члена (три членови кој ја преставуваат Владата на Република Северна Македонија и три членови кој ја преставуваат Еврејската заедница во Република Македонија).
Мандатот на членовите на Управниот одбор на Фондот трае 4 (четири) години.
Членовите на Управниот одбор продолжуваат со работа и по истекот на нивниот мандат, се до именувањето на нови членови.
Членот на Управниот одбор во својата работата е целосно независен од предлагачот.
Во работата на Управниот одбор учествува и Главниот извршен директор без право на глас.

### Избор на член на Управниот одбор

**Член 25**

За член на Управниот одбор на Фондот можат да се предлагаат исклучиво кандидати кои ги исполнуваат следните услови:

– Да е полнолетен и да е државјанин на Република Северна Македонија;
– Да има општа здравствена способност;

– Да не му е одземена деловната способност;
– Со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана на вршење соодветна професија, дејност или должност;
– Да не му е изречена правосилна судска пресуда со која е осуден на ефективна казна затвор подолга од 1 година затвор;
– Да е личност афирмирана во поддржувањето на еврејската култура;
– Да е личност која не врши негација и искривоклочување на холокаустот извршен од припадниците на национал социјализмот, нивните соработници и другите фашистички режими;
– Да е личност со јасно профилиран афинитет кон промоција и заштита на човековите права;
– Да е лице со потврден и некомпромитиран личен и општествен морален интегритет.
–

**Член 26**

Лицата кои се во редовен работен однос во Фондот не можат да бидат членови на Управниот одбор на Фондот.

Лицата кои биле претходно вработени во Фондот не можат да бидат предложени за членови на Управниот одбор на Фондот, минимум 5 години, односно најмалку за период за кој што траел работниот однос.

**Член 27**

Проверка дали кандидатите предложени за членови во Управниот одбор ги исполнуваат условите, ја врши комисија формирана од страна на постојниот состав на Управниот одбор.

Доколку кандидатот/кандидатите не го/ги исполнува/ат критериумите, Фондот преку Комисијата ќе го извести предлагачот дека кандидатот/те не ги исполнува/ат уловите, со барање да се предложи нов кандидат/кандидати.

**Член 28**

Управниот одбор на Фондот одлучува само во случаите изречно утврдени со Закон и со овој Статут, а особено за:

1) Донесува Статут или измени и дополнувања на Статутот на Фондот;
2) Носи Деловник, Правилници и општи правни акти;
3) Го одобрува финансискиот план за работата на Фондот изготвен од страна на Главниот извршен директор;
4) Заедно со Главниот извршен директор го изготвува тригодишниот стратегиски план;
5) Заедно со Главниот извршен директор ја изготвува годишната програма;
6) Дава насоки, спроведува планови и изготвува годишен извештај за работата на Фондот;
7) Се грижи за спроведување на целите и задачите на Фондот;
8) Именува координатори за определени активности на Фондот;
9) Носи одлука за проширување или ограничување на овластувањата на Главниот извршен директор;
10) Управува и одговара за севкупниот имот на Фондот;
11) Располага, го искористува и вparичува имотот на Фондот;
12) Именува членови на редовни и привремени Комисии и тела, како и истражни и аналитички тимови;
13) Формира стручни и оперативни служби и координатори за определени активности на Фондот;
14) Го контролира севкупното финансиско работење на Фондот;
15) Доделува награди, признанија и слично;
16) Одлучува за соработка и зачленување со други фондации, здруженија и сојузи/федерации;
17) Донесува одлука за престанок на работата на Фондот;
18) Врши и други работи согласно закон и овој Статут.

**Член 29**

Управниот одбор на Фондот работи на седници.
Со седниците на Управниот одбор раководи Претседателот на Управниот одбор.
Седниците на Управниот одбор по правило се одржуваат во седиштето на Фондот.
Управниот одбор може да заседава и на друга локација вон седиштето на Фондот.
Во случај да некој од членовите на Управниот одбор е спречен физички да присуствува на Седницата истото може да го стори по пат на конференциска врска (телефонски, Skype, messenger или било која друга електронска апликација).
Управниот одбор на Фондот има кворум за работа со присуство на најмалку 4 (четири) члена.
Одлуката на Управниот одбор се смета за донесена ако за неа гласале најмалку 4 (четири) члена.

**Член 30**

За Седницата на Управниот одбор се води Записник.
Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Управниот одбор, а ако некој не го потпише записникот се забележува причината за тоа, ако била наведена.
Записникот по потпишувањето заедно со писмено изготвените одлуки, заклучоци и други акти, се доставуваат до лицата задолжени за извршување, а еден примерок се доставува и чува во Архивата за нејзино архивирање.

**Член 31**

Членувањето во Управниот одбор е на доброволна основа.
Членовите на Управниот одбор за својата работа не примаат паричен надомест.

**Член 32**

Функцијата на член на Управниот одбор може да престане:

- на негово лично барање;
- со истекот на мандатот;
- поради сторена материјална и нематеријална штета на Фондот, утврдена во постапка предвидена со посебен Правилник;
- во други случаи утврдени со Закон.
-

**Претседател на Управниот одбор**

**Член 33**

Претседателот на Управниот одбор го претставува и застапува Фондот пред сите институции, на сите нивоа во земјата и во странство и се грижи за примена на Статутот и интерните правни акти на Фондот.
Претседателот на Управниот одбор секогаш се избира од редот на членовите избрани по предлог на Еврејската заедница во Република Македонија.
За претседател на Управниот одбор се избира член за кој гласале најмногу членови, но не помалку 4 (четири) гласа од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
Од членовите на Управниот одбор се избира и заменик Претседател со мнозинство гласови од членовите.

**Член 34**

Претседателот на Управниот одбор се грижи за неговата работа, ги свикува седниците на Управниот одбор и раководи со истите.
По правило седниците се свикуваат со писмено известување или по пат на електронска порака (email).
По исклучок седниците можат да се свикаат, телефонски со електронска порака (SMS), најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата.
Во итни и за помалку важни прашања Управниот одбор, може да донесува одлуки преку e-mail гласање на членовите на Одборот, а одлуката ќе се потврди на наредната одржана седница.

**Член 35**

Претседателот на Управниот одбор ги има следните овластувања:

– Го застапува и го претставува Фондот;
– Ги потпишува Актите донесени од страна на Управниот одбор на Фондот;
– Во определени случаи може да овласти друго лице да го застапува, претставува и потпишува Фондот само врз основа на писмено овластување (полномошно).

**Член 36**

Во отсуство на Претседателот, истиот го заменува заменик претседателот на Управниот одбор.

**Главен извршен директор**

**Член 37**

Главниот извршен директор на Фондот се избира по пат на јавен конкурс, што се објавува преку средствата за јавно информирање и заснова редовен работен однос во Фондот на неопределено време.

Главниот извршен директор може да биде со или без ограничувања во обемот на овластувањата со кои ќе го застапува и претставува Фондот, што се утврдува во Одлуката за именување која ја донесува Управниот одбор.

Главниот извршен директор не е член на Управниот одбор, но учествува во неговата работа без право на глас.

Главниот извршен директор своите права, обврски и одговорности ги врши во согласност со закон, овој Статут и актите на Фондот.

**Член 38**

Главниот извршен директор ги има следните овластувања:

– По овластување на Управниот одбор или Претседателот на Управниот одбор, го застапува Фондот во правниот промет со трети лица во земјата и во странство;
– Потписник е на материјално финансиското работење на Фондот;
– Врши контрола и координација на подружниците и субјектите основани од страна на Фондот;
– Врши координација и реализација на сите активности во земјата и странство кои се однесуваат на функционирањето на Меморијалниот центар и сите подружници и правни субјекти основани од страна на Фондот;
– Координира и реализира други придружни организациски решенија и активности;
– Го контролира работењето на сите вработени;
– Издава наредби, упатства и препораки во насока на рационално извршување на работите и зачувување на кодексот, моралот, интегритетот, реномето и угледот на Фондот, Меморијалниот центар и сите подружници и правни субјекти основани од страна на Фондот;
– Врши други работи и задачи дадени од страна на Управниот одбор на Фондот;
– За својата работа е одговорен пред Управниот одбор на Фондот.

Обемот на овластувањата на Главниот извршен директор се уредуваат со посебна Одлука на Управниот одбор.

**Член 39**

Главниот извршен директор може да биде разрешен:

– на негово лично барање;
– ако не ја остварува програмата за работа на Фондот;
– ако не ги спроведува одлуките на Управниот одбор на Фондот;
– ако по негова вина е нанесена штета на Фондот;
– ако не работи во согласност со Законот и овој Статут;
– во други случаи предвидени со Закон.

## XI. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

**Член 40**

Фондот има сопствена жиро сметка.

**Член 41**

Средствата за работење на Фондот се обезбедени на начин утврден во чл.5 и 6 од овој Статут. Фондот не користи средства од буџетот на Република Северна Македонија и во постапките за купување или стекнување на стоки, услуги или работи не се спроведува постапка за јавни набавки предвидена во Законот за јавни набавки.

**Член 42**

Фондот може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основал со сопствени средства или здружени средства, а за заради остварување на целите и задачите на Фондот. Фондот може да остварува приходи од донации, од изнајмување на имотот во негова сопственост, како и од негова продажба.

**Член 43**

Средствата стекнати согласно член 5 член 6 и член 42 се сопственост на Фондот, а ќе се користат исклучиво за остварување на целите на Фондот.

**Член 44**

Финансиските средства на Фондот се употребуваат и за намирување на целокупното тековно работење на Фондот и неговите подружници и правните субјекти основани од страна на Фондот.
Членовите на Управниот одбор на Фондот и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Фондот, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со Закон и Статутот.
Средствата на Фондот не можат да се исплаќаат на основачите на Фондот.
Работата во органите на Фондот по правило е доброволна, а членовите на органите на Фондот можат да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на Фондот во согласност со закон и посебен Правилник.
Вработените имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон.

**Член 45**

За користење и управување со средствата одлучува Управниот одбор.

## XII. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**Член 46**

Фондот е должен да подготви годишен финансиски извештај.
Фондот е должен на својата веб страница да ги објавува годишните извештаи за работењето.
Извештаите од став 1 и 2 на овој член, Фондот е должен да ги објави најдоцна до 30 април за претходната година.

## XI. ПРЕСТАНОК НА ФОНДОТ

**Член 47**

Фондот престанува да постои:

- Ако е донесена едногласна одлука за престанок на постоењето од страна на членовите на Управниот одбор;
- Ако е донесена одлука на надлежен суд;
- Во случај на стечај или спроведена ликвидација; и
- по сила на закон.

**Член 48**

Во случај на престанок на Фондот, евентуално преостанатиот имот се пренесува на Фондација со слични цели и програмски определби.

Одлуката за пренос на преостанатиот имотот и средства ја носи Управниот одбор.

### XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

Толкување на одредбите на овој Статут врши Управниот одбор на Фондот.

**Член 50**

Статутот може да се изменува и дополнува.
Измени и дополнувања на Статутот се врши со Одлука на Управниот одбор на Фондот донесена со мнозинство од гласовите.

**Член 51**

Овој Статут влегува на сила по добиена согласност од основачот.
Со стапувањето на сила на овој Статут, престанува даважи Статутот бр.19-5819/1 од 22.12.2009 година.
Членовите на Управниот одбор именувани до денот на влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат со работа со нов мандат од 4 години.
Одредбите за избор на членови на Управниот одбор утврдени во овој Статут ќе се применуваат при избор и именување на нови членови на Управниот одбор на Фондот.
Главниот извршен директор избран до денот на влегувањето во сила на овој Статут продолжува со работа, а одредбите за избор на Главен извршен директор ќе се применуваат при избор на нов Главен извршен директор на Фондот.

**Претседател на Управен одбор,**
**Благоја Младеновски**

Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија • СКОПЈЕ •

Врз основа на член 63-в став 3 од Законот за денационализација - Пречистен текст, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ______________ година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Статутот на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија бр.02-43/2 од 11.11.2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија бр. 02-43/2 од 11.11.2019 година, донесен од Управниот одбор на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, на седницата одржана на 11.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.
__.__.2020 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија

***Македонска нација***